Кити Јурица - Корда

# Пукотници во парламентот



Клучно прашање
## Зошто е убиен Стјепан Радиќ?

**Тема**
Модулот се однесува на убиството на Стјепан Радиќ и членови на ХПП (Хрватска Партија на Правото) во Народното собрание во Белград, 20 јули 1928 година.
Контроверзно во оваа тема е тоа што ова убиство кај повеќето Хрвати е сватено како начин на владеачкиот режим за пресметка со најсилната хрватска партија и нејзиниот многу популарен претседател. Тезата дека во прашање е предумисла никогаш не е докажана, но верувањето дека убиството било организирано остана меѓу хрватите, повеќе отколку официјалната верзија дека во прашање е случаен акт на “пореметениот” пратеник Пуниша Рачиќ.
Бидејќи убиството се случило во Народното собрание на Кралството СХС, случката е релевантна за сите народи кои живееле во државата, посебно поради тоа што само 6 месеци подоцна кралот Александар воведува лична диктатура.

**Цели**
Запознавање со политичката атмосфера во Кралството СХС во дваесетите години на XX век, посебно меѓусебните односи помеѓу режимот и водечкиот хрватски политичар Стјепан Радиќ. Со помош на критичко проучување на изворите одредување на можните причини за атентатот во Народното Собрание, како и објаснување на причините за контроверзните реакции по овој случај.

**Очекувани резултати:**
- Учениците ќе се запознаат со дел од политичката атмосфера во Кралството СХС, особено со политиката и делувањето на Стјепан Радиќ кон владеачкиот режим и обратно
- Учениците ќе развиат способност за анализирање на пишани и визуелни извори, способност на изработка на сопствени ставови и критичко размислување, креативно и графичко претставување на резултатите.
- Учениците ќе развијат емпатија, општествена чувствителност и ќе увидат колку емоциите можат да ја засилат контроверзноста на збиднувањето.

**Упатство за наставници**
Работилницата ќе се изведе во два дела

**1 Дел**: Убиство во парламентот и неговите причини (зошто е убиен Стјепан Радиќ?)

90
минути

Чекор 1 – По краткиот вовед (во зависност од претходното знаење на учениците), наставникот на паровите на ученици ќе им подели 6 новинарски написи. Задача на учениците е тие 6 наслови да ги сортираат според емотивниот набој.

Чекор 2 – Наставникот ги дели учениците во 4 групи и им дава извори со прашања за анализа. Изворите се однесуваат на можните причини за убиство. Треба да ги анализираат и да одговорат на клучното прашање.

Чекор 3 – Секоја група го претставува одговорот на клучното прашање. Во склад со одговорите, наставникот и учениците прават листа со причини за атентатот и истата ја испишуваат на табла.

Чекор 4 – Учениците ги испишуваат сите причини на лист и ги обликуваат во форма на дијамант.

Чекор 5 – Кратка дискусија за значењето на причините.

**2 Дел:** Реакции на убиството: (која е причината за контроверзните реакции на убиството на Стјепан Радиќ?)

Чекор 1 – Наставникот ги дели учениците во 8 групи и им поделува извори. Секоја група има посебна улога на личност со сопствено видување на убиството. Задача за секоја група: Од гледна точка на вашата улога, подгответе изјава како реакција на атентатот и смртта на Стјепан Радиќ.

Чекор 2 – Учениците (еден претставник на секоја група) ги претставуваат своите изјави (реакции) на убиството и смрт на Стјепан Радиќ

Чекор 3 – Низ дискусија да се одговори на клучното прашање: Која е главната причина за контроверзни реакции на убуството на Стјепан Радиќ?

## Чекор 1
## – Паровите на ученици добиваат материјал за работа

***Вовед***

*01.12.1918 ,* *,*
*. ,*
*, ,*
*. , 1925*
*. . 1925*
*,*
*. 1927 ( ) (*
*) ,*
*.*

**Задачи:**

1. Пореди ги насловите од статиите според емоционалниот набој на текстовите!
2. Дади коментар за тоа од каде доаѓаат весниците со најголем емотивен набој?

| Страшно крвопролевање во Народното Собрание | Падна крв | Убиство на Павле Радиќ и Др. Басаричек |
|---|---|---|
|  NOVOSTI<br>Strahovito krvoproliće u Narodnoj Skupštini<br>Puniša Račić puca sa govorničke tribine<br>Pavle Radić umire, Stjepan Radić i Basariček teško ranjeni, Grandža ranjen u ruku<br>Beograd, 20. lipnja. Danas prije podne došlo je do gužve u skupštini. Puniša Račić stao je na desnu govornicu uzbudjen, izvadio je revolver i počeo pucati. Ispalio je pet hitaca u pravcu Radićevaca. Pavle Radić je jednim hicem pogodjen u lijevu stranu kraj srca. Ovoga časa umire.<br>Basariček, koji je stajao pred stenografskim stolom, u momentu kad je htio da spriječi Račića da puca, pogodjen je sa dva hica, jednim u ledja, jednim u vrat. Teško je ranjen. Stjepan Radić jednim revolverskim metkom pogodjen je u trbuh. Uspio je da izadje na hodnik i tu je pao.<br>Prenesen je u seljački klub. Dr. Pernar je teško ranjen u lijevu stranu prsiju Ivan Grandža u lijevu ruku. Prebijena mu je kost. Ogromno uzbudjenje i panike u dvorani. |  JUTARNJI LIST<br>Godina XVII. broj 5881. Zagreb, četvrtak 21. lipnja 1928. Cijena 1·50 dinara<br>Krv je pala<br>...arlamentu ubijeni Pavle Radić i dr. Gjuro Basariček<br>...jeni su Stjepan Radić, Ivan Grandja i dr. Ivan Pernar<br>Beograd, 20. lipnja. Današnja sjednica Narodne skup... vodiena je u istom raspoloženju kakove su bile skupštin... jednice uobičajene posljednjih dana, a bila je šta više još ... tiša. Na ovoj sjednici pred očima 100 do 150 poslanika ...dni poslanik Puniša Račić trgnuo je revolver i ispalio je ...itaca u redove SD koalicije. Jednim hladnim gestom Pu... Račić je pucao iz parabela. On je sa savršenom hladno... ošću ubio dr. Gjuru Basaričeka, koji je odmah na miestu ... mrtav i ranio g. Pavla Radića, koji je nakon pola sata ... |  ПОЛИТИКА<br>Убиство Павла Радића и др. Басаричека |
| - <br>*20 1928* | *21 1928* | *“Политика”, 21 06. 1928*<br>*http://scr.digital.nb.rs/zbirka/novina 25 May 2012.* |
| **Страшно убиство во Собранието** | **Крвав ден во народното собрание** | **Манипулираат со човечка крв** |
|  Drugo izdanje NOVOSTI<br>Strašno umorstvo u Skupštini<br>Ubica Puniša Račić uapšen, kad je došao u ministarstvo unutrašnjih djela |  SLOVENEC<br>Krvavi dan v narodni skupščini<br>„SLOVENEC“ |  DOMOLJUB<br>S človeško krvjo barantajo. |
| *21 1928*<br>http://dazg.chez.com/ flashback_6.htm 25 May 2012. | ,<br>http://www.dlib.si/browse/besedila/1 25 May 2012. | ,<br>http://www.dlib.si/browse/besedila/1 25 May 2012. |

**Чекор 2 - Група А**

**Учениците се делат во групи и добиваат извори**

Извор 1

**Од говорот на Стјепан Радиќ на седницата од Народното собрание од 24.11.1918, на која се расправало за уредувањето на Државата СХС со Кралска Србија и Црна Гора, видлив е политичкиот став на Радиќ:**

"Вие господа, не се грижите за тоа што нашиот селанец воопшто, а особно хрватскиот, не сака да слушне повеќе ништо за кралеви или цареви, а воедно ниту за држава која со сила му наметнува (...) Но од секогаш знам дека Хрватите нема да ги придобиете за тоа, а нема да ги придобиете затоа што целиот хрватски селски свет е исто така против централизмот како што е против милитаризмот, воедно за република, како и за народен договор со Србите (...) Нашиот хрватски селанец, а тоа се девет десетини од хрватскиот народ – во војната стана целосен човек, а тоа значи дека не сакаат повеќе никому да служат, никому да робуваат, ниту на туѓинец, ниту на брат (...) Туку сакаат државата да се уреди на слободен републикански и праведен човечен (социјален) темел.".

*Stjepan Radić: Politički spisi, Zagreb, 1971., str.323-335*

Извор 2

**Радиќ на пропаганден плакат**




Текст на постерот:
Само Републиката е полн израз на народната власт

*file:///D:/multimedija/program/pov8/032-1.htm (15 May 2012)*

Извор 3

**Поради своите републикански ставови, Радиќ во периодот од 1919 до 1925 година бил повеќе пати и затворан.**

Сите собири на партијата се забранети, архивата е запалена, а издаден е и налог за апсење на господинот Радиќ и неколкумина водачи на други партии. Декретот се засновал на фактот дека партијата, со приклучувањето кон селанската интернационала, станала составен дел од Третата комунистичка интернационала (што хрватите секогаш го оспорувале), дека одржувала незаконски односи со Македонскиот револуционерен комитет и дека нејзините членови се одговорни за зуберзивна пропаганда во војската. Пет лидери на партијата се уапсени, но на господинот Радиќ му пошло од рака на време да го избегне апсењето и дури подоцна е пронајден како срамно се крие во една ниша во зидот, во станот на својот внук.

*Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, uredio: Ž. Avramovski, Zagreb, 1986, str.311.*

**Прашања за група А**

1. Каква држава, уште пред нејзиното создавање, заговарал Радиќ во смисол на:
   а) државното уредување
   б) националните односи со останатите јужни словени
   в) социјано уредување
2. Зошто радиќ е уапсен во 1925 година?

**Клучно прашање за група А**

Зошто и на кој начин режимот се обидувал да го оневозможи Радиќ во неговото политичко делување?

**Чекор 2 - Група Б**

**Учениците се делат во групи и добиваат извори**

Извор **1**

**Резултати од парламентарните избори во Кралството СХС, 1920 – 1927 година**

| **Години и партии** | **1920** | **1923** | **1925** | **1927** |
|---|---|---|---|---|
| Демократска партија | 92 | 51 | 37 | 61 |
| Народна радикална партија | 91 | 108 | 143 | 112 |
| Комунистичка партија | 58 | | | |
| Хрватска народна (републиканска) селанска партија | 50* | 70* | 67 | 61 |
| Самостојна дем. партија | | | 21 | 22 |
| Други хрватски партии | 6 | 1 | 0 | 2 |
| Останати партии | 122 | 84 | 47 | 57 |

* избрани застапници на ХРСП од 1029 и 1923 година не учествувале во работата на парламентот

Според податоците за резултатите на парламентарните избори, графички прикажи го односот на партиите во парламентот!




**Прашања:**

1. Поставете прашања за анализа на резултатите од изборите!

**Клучно** прашање за група Б

Какви изборни резултати имала партијата на Радиќ?

**Учениците се делат во групи и добиваат извори**

Извор **1**

**Стјепан Радиќ на собранието во Хлебине од 05.12.1927 година изјавува:**

"Ние ја врзавме корупцијата. Нашата партија пред светот не направи ништо друго освен што му покажа дека нашата држава има лице како вашето, дека е тоа држава на чесен народ, дека не поднесуваме лопови, тоа е голема работа. Тоа можеше да ме чини глава, а можеби и ќе ме чини. Јас добивав шписма во кои пишуваше: Ќе ве убијам! Јавно говореа: Пашиќ е мртов, Радиќ треба да се убие. Ако немаме човек да го стори тоа, ќе најдеме некој хрват."

*Весник "Dom", 19. 1. 1927; - гласило на партијата на Радиќ од 1904 година*

Извор **2**

**Предлогот на Радиќ за ревизија на уставот и преуредување на државата**

"Потребна е организација на три до четири области, која би се темелела на економски, социјални, образовни и географски принципи. Прва е јадранско-подунавската област во која би биле сите пречански краишта без Словенија, а со Црна Гора. Втората област би била српско-моравска, третата Јужна Србија, четврта Словенија. На секоја област би и се препуштило се што се однесува до стопанството, културата и социјалната грижа. Во Белград би останало законодавството и извршната власт, а сите закони кои го уредуваат животот и соработката би преминале на областите."

Hrvoje Matković: Povijest HSS-a, Naklada Pavičić, Zagreb, 1999, str.248.

Извор **3**

**Во весникот "Јединство" кој е основан и финансиран од претседателот на Влада Вељко Вукичевиќ во јуни 1928, во бројот од 17.06.1928, отворено се заканува со убиство на Радиќ и Прибичевиќ:**

"Сепак доколку сметате дека некој ја руши земјата од внатре, тогаш прва должност ви е да еден ден ги убиете и Светозар Прибичевиќ во Белград и Стјепан Радиќ во Загреб."

Извор **4**

**Слободан Јовановиќ наведува дека српските политичари поверувале дека федерализмот е опасен за државното единство**

"Во својата вековна борба за државна самостојност, србите изградиа вистински култ кон државната идеа и доволно беше да им се каже дека федерализмот може да го доведе во прашање државното единство, па тие веднаш да станат негови противници."

*Slobodan Jovanovic, Jugoslovenska misao u proslosti i buducnosti, Beograd 1939, str 3.*

**Прашања**

1. Зошто Радиќ добивал писма со закани?
2. Што предлага Радиќ во врска со преуредувањето на државата и зошто тоа се смета за внатрешен проблем на државата?

**Клучно прашање за група В**

Чии интереси загрозил Радиќ со своите критики и какви закани добива поради тоа?

**Чекор 2 - Група Г**

**Учениците се делат во групи и добиваат извори**

Извор 1

**Непосредно пред атентатот**

"Пуниша Рачиќ: (...) изјавувам пред сите вас дека српските интереси никогаш, кога не пукаат пушки и топови, не биле повеќе доведени во опасност отколку сега (...) ( ). Господо, како Србин и народен пратеник, кога гледам опасност за мојата нација и татковина, отворено кажувам дека ќе употребам и друго оружје, кое треба да ги заштити интересите на српството (...) ( )

Светозар Прибичевиќ: Сакате ли и во Лондон да се чуе дека овде претите со оружје?

Др. Пернар: Ги опљачкавте беговите!

Пуниша Рачиќ ( ): Барам, господине претседателе, да ги казните или јас ќе ги казнам. ( ). Кој и да се обиде да застане помеѓу мене и Пернар, ќе загине! ( ). Во тој момент тој навистина вади револвер. Министерот Вујичиќ кој седи зад него во министерската клупа го фаќа за раката во намера да го спречи да пука. Во истиот момент прискокнува и Обрадовиќ, но Рачиќ, физички силен човек, ја одтурнува раката на Обрадовиќ и страшен истрел од парабелум одекнува во салата. (...)"

*Josip Horvat: Politička povijest Hrvatske 2 str.342-343 (prema novinskom izvještaju)*

Извор 2

Стјепан Радиќ тој ден беше потполно мирен. Ниту една упаѓање не се слушна од неговите усни (...) Павле Радиќ исто така беше мирен (...) Единствено г-дин Гранџа и г-дин Пернар тој трагичен ден беа темпераментни и силно револтирани поради заканите со убиство (...) Целата атмосфера беше полна со електрицитет. Сите ја предосетуваа несреќата, но никој не помисли дека така бргу ќе се одигра најголемата трагедија од основањето на оваа држава."

*'Politika', no. 7236, 24. O6.1928.*

Извор 3

"Политика", бр. 7232, 21 јуни 1928. на стр. 7, ги пренесува последните зборови на Пуниша Рачиќ пред да го напушти собранискиот хол мавтајќи со пиштолот во раце. Тој извикува:"Да живее Србија!"

Извор 4

**Реконструкција на убиството според "Политика" бр. 7236 од 24 Јуни 1928**




### Прашања за група Г

1. Што му послужило на Пуниша Рачиќ како повод за атентатот?
2. Со кои зборови е опишана атмосферата во парламентот непосредно пред атентатот?
3. Дали Рачиќ смислено во текот на говорот преминал од своето место на говорницата?

### Клучно прашање за група Г

Дали може од самото збиднување да се заклучи и за некоја од причините за атентатот?

## Прв час

АТЕНТАТОТ ВО НАРОДНОТО СОБРАНИЕ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ТОА

**Откако секоја група ќе ја заврши својата задача, наставникот на таблата ги запишува одговорите на клушните прашања од секоја група. Според одговорите направете заеничка листа на 10 можни причини за атентатот.**
**Учениците наведените причини ги запишуваат на лист.**

### Дијамант



**Втор час**
РЕАКЦИИ НА УБИСТВОТО

**Учениците да се поделат во 8 групи (улоги)**
**Задача**
**Според улогите по групи, составете изјава како реакција на атентатот и смртта на Стјепан Радиќ**

Група 1

**Припадник на Хрватската партија на право**

“Оправдан гнев на целокупната хрватска јавност поради убиството на хрватскиот народен претставник во Белградскиот парламент дојде како и во сите останати хрватски краишта и во Загреб до полн израз во вчерашните демонстрации. Огорченоста беше безгранична, па е вистинско чудо да немаше и потешки последици освен дваесетмина ранети, кои настрадаа во текот на демонстрациите ...”
Напис од дневниот гласник на Хрватската партија на правото “Хрват” во рубиката Загребска хроника


ZAGREBAČKA KRONIKA
Krvave demonstracije u Zagrebu
Hrvatsko pučanstvo daje oduška svome ogorčenju

*http://dazg.chez.com/flashback_6.htm (25.05.2012).*

Група 3

**Иван Мештровиќ**

Иван Мештровиќ, познат уметник кој се до 1918 година се занимавал со политика и бил член на Југословенскиот Одбор.
“Ден по атентатот сретнав со сопругата на адмиралот Станковиќ. Таа ми се доближи и на француски ми кажа: Овие Срби не само што се примитивци, туку се и родени разбојници и нескриена багра.
Потоа ми раскажуваше за што командантот наосцж¾нМк

**Учениците да се поделат во 8 групи (улоги)**
**Задача**
**Според улогите по групи, составете изјава како реакција на атентатот и смртта на Стјепан Радиќ**

Група **5**

**Граѓанин на Загреб**

Погребот на Стјепан Радиќ, 12.08.1928 година



*http://www.daz.hr/web/cache/preview/fdb5568d642fbae8f7cae1c3049c69fa.jpg 15 May 2012.*

Група **6**

**Член на Српска народна радикална партија**

"Во меѓувреме во Белград немаше никакви манифестации на жалост и Хрватите ценеа дека реакцијата на трагичните збиднувања во тој град се сосема неадекватни. Владините гласила, иако го осудуваа злосторот, го нагласуваа и провокативното однесување на опозицијата. Таквите оцени не придонесоа кон смирување на ситуацијата. Ништо поповолни последици не донесе ни толерантноста од страна на владата кон "Јединство", весник на крајната радикална тенденција, кој во својот прв број, објавен неколку дена пред злосторот, се залагаше за отстранување на Радиќ и Прибичевиќ."

*Izvještaj britanskog diplomate H.W. Kennarda, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, Ž. Avramovski, Zagreb, 1986,*

Група **7**

**Странски новинар**

На 23.06.1928 година австрискиот весник The Mail (Adelaide) пишува за нередите во Загреб по атентатот во Народното Собрание, за полилицискиот час кој поради тоа е воведен во Загреб, но и...
"Постои многу зла крв помеѓу Хрватите и Србите во Кралството СХС. Тоа доведе до нереди во Загреб (главен град на Хрватска) кога се дознало дека Стјепан Радиќ (хрватски политичар и претседател на хрватската селанка партија) е ранет, а Павле Радиќ (негов внук) е обиен од страна на Рачиќ (друг пратеник) во текот на заседанието на Народното Собрание."

The Manchester Guardian 10. 08. 1928 година известува за смртта на Стјепан Радиќ. Авторот на написот критички се осврнува на балканскиот менталитет во кој масата го следи водачот сметајќи го Радиќ за успешен популистички водач. Ја нагласува многу напнатата состојба помеѓу Хрватите и Србите по атентатот во Собранието и заклучува:
"Хрватите бараат отцепување. Со убиениот Радиќ ќе го бараат уште повеќе отколку досега. (...) Југославија ги започнува најцрните денови во својата кратка историја. Никој не може да каже дали ќе излезе како излечена или скршена нација."

*http://trove.nla.gov.au/ndp/del/article/58553487 20 May 2012.*

Група **8**

**Гласноговорник на Владата на Кралството СХС**

Соопштение на новата Влада објавено на седницата на Народното Собрание од 03.08.1928 година
"Збиднувањето од 20 јуни тековната година, кое заслужува најтешка осуда и кое ни одзема двајца драги другари, а повеќе од нив рани, не смее да биде причина за прекинување на досегашната законодавна соработка, која за нашата држава е толку потребна. Оваа жалосна случка е издвоен и личен чин и не смее да се воопштува. Посебно е голема неправдата, кога цели парламентарни групи или што е уште пострашно, цел еден народ, се обвинува за без причина за дело со кое нема ништо заедничко и кој исто така жали и го осудува како и сиот нормален свет. Такво недопуштено заострување на односите не може да биде ништо друго освен штетно."

*'Politika', no. 7276, 3 August 1928, page 1*

Учениците според своите улоги (по еден претставник од секоја група) редоследно го изнесуваат своето ислеење за атентатот и смртта на Стјепан Радиќ.

**Низ дискусија ќе го одговорат клучното прашање:**
Која е главната причина за контроверзните реакции на убиството врз Стјепан Радиќ?